# ЗАПИСНИК

Од одржаната **17-та** седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **20.10.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

Отсутен е советникот Александар Канзуровски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Николина Лозановска - соработник, Катерина Чукалевска - соработник

.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

Усвојување на Записникот од 16-та седница на Совет на Општина Новаци

1. **Извештај за организација на манифестацијата „Фестивал на жетвата"- Новаци 2022г.**
2. **Предлог - Измена и дополнување на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г.**
3. **Предлог – Одлука за разрешување на членови и именување на нови членови на Комисијата за утврдување на штети од земјотрес**
4. **Предлог – Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог - актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Новаци.**
5. **Предлог за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор за контрола на матерјално-финансиско работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие "ПЕЛАЛИНК" - Битола**
6. **Предлог за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие "ПЕЛАЛИНК" - Битола**
7. **Именување на нов член на Надзорен одбор на ЈПКД "Комунална Хигиена" - Новаци**
8. **Измена и дополнување на Годишен план за вработување на општина Новаци за 2022г.**
9. **Предлог - Одлука за поставување на јарболи на регионалниот пат Р-511 во с.Новаци за одбележување на државни празници**
10. **План за фискална одржливост и поддршка на економски раст: политики, препораки, мерки и индикатори (Влада на Р.С.Македонија)**
11. **Барање од ЗУСК ( Здружение на училиштен спортски клуб ) „Славко Лумбарковски" с.Новаци за финансиски средства во висина од 130 000,00 ден. за реализација на активностите во учебната 2022/23 година.**

**12. Барање од ПЗУ „Поликлиника Др. Соња“ с. Новаци за финансиска помош во реализација на поставување на парно на палети за кое е потребна инвестиција од 260 000,00 ден.**
**13. Барање од Гоце Неделковски со потекло од с.Тепавци (повратник во с.Тепавци) за обезбедување на градежен матерјал ( полиетиленско црево со должина од 150 м и спојки) за приклучување на локалниот селски вододвод.**
**14. Барање од М.З. на с.Скочивир за поправка на патот во должина од 2 км. кој води од рекреативниот центар „Коњарка“ до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски“**

Дополнување на дневен ред на 17-та седница на Советот на општина Новаци

**15. Квартален извештај за извршување на буџетот на Установата ОУ “Славко Лумбарковски“ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г до 30.09.2022г.**
**16. Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУГД “Бамби“ с.Новаци за извештајниот период (кумулативно ) за квартал од 01.07.2022г до 30.09.2022г.**
**17. Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) од 01.01.2022г. до 30.09.2022г.**

Пред ставање на гласање на Дневниот ред на 17–та Седница на Советот на општина Новаци, Претседателката Најдовска - Стојковска предложи да не се разгледуваат точките под број 9 и број 10 .

Исто така збор за ова зеде и советничката Сузана Јовановска која предложи да не се разгледува точката под бр.1 затоа што смета дека во Извештај за организација на манифестацијата „Фестивал на жетвата“- Новаци 2022г. недостасуваат копии од платени фактури и копии од потпишани договори. Поради оваа забелешка Претседателката на Советот ја повика Катерина Чукалевска вработена во опшптина Новаци, одговорна за организација и реализација на Фестивалот, да одговори на забелешките и да ги достави побаруваните документи. Катерина Чукалевска им објасни на советниците дека во наративниот извештај е наведена целокупната документација и дека од практична причина не се доставени оргиналите, но дека таа ги поседува во моментот и може да достави сè што Советниците ќе побараат . Така што на советничката Сузана Јовановска и беа доставени сите документи што таа ги побара.

По оваа дискусија Претседателката Најдовска – Стојковска го стави Дневниот ред ( во кој нема да се разгледуваат само точките 9 и 10) на 17 – та Седница на Советот на општина Новаци на гласање и истиот беше усвоен со **6 гласа за** и **2 гласа воздржани**.

Записникот од 16-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласови за.**

1. **точка** : **Извештај за организација на манифестацијата „Фестивал на жетвата“- Новаци 2022г**

По однос на оваа точка Катерина Чукалевска детално го презентираше Извештајот за организација на манифестацијата „Фестивал на жетвата“- Новаци 2022г.и притоа одговараше на сите прашања и забелешки на советниците, Во дискусијата од страна на советниците беа дадени и нови предлози со кои ќе се подобри организацијата на Фестивалот во иднина.

По дискусијата оваа точка беше ставена на гласање и советниците со **6 гласа за** и **2 гласа против** донесоа Одлука за усвојување на Извештај за организација на манифестацијата „Фестивал на жетвата“- Новаци 2022г

2. **точка: Предлог - Измена и дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г.**

Дополнувањета на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г.е во делот урбанистички планови вон населено место под точка 3 т.е урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6 –магацин во Ко Гермијан, општина Новаци.

Советниците со **<u>8 гласови за</u>** усвоија Измена и дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г

3. **точка: Предлог – Одлука за разрешување на членови и именување на нови членови на Комисијата за утврдување на штети од земјотрес**

По однос на оваа точка збор зеде Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски кој објасна дека во Комисијата за утврдување на штети од земјотрес има разрешување на два члена кои беа вработени во општина Новаци и на кои по основ на пензија им прекина работниот однос така што на нивно место како предлог од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања до Советот ги доставува Николче Димовски (советник) и Гоце Талевски (вработен во општина Новаци) за нови членови во Комисијата за утврдување на штети од земјотрес. На ова Претседателката Најдовска-Стојковска го предложи Пецо Дојчиновски (советник) како втор член во Комисијата поради неговата компетентност и стручност во оваа област.

Овој предлог со **<u>8 гласови за</u>** е прифатен и Советот на општина Новаци донесе Одлука за разрешување и именување на нови членови (Николче Димовски и Пецо Дојчиновски ) на Комисија за утврдување на штети од земјотрес.

4. **Точка: Предлог – Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог - актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Новаци**

И по однос на оваа точка Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски достави предлог до Советот како членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог - актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Новаци да се именуваат Летка Јовановска и Николина Лозановска вработени во општина Новаци.

Овој предлог е прифатен и со **<u>8 гласови за</u>** Советот донесе Решение за именување на членови (Летка Јовановска и Николина Лозановска) на заедничката Комисија за подготовка на предлог- актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Новаци

5. **точка: Предлог за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор за контрола на матерјално-финансиско работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК“ - Битола**

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски достави предлог до Советот на општина Новаци за именување на Даниел Петровски од с.Новаци како нов член во Надзорен одбор за контрола на матерјално-финансиско работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК“ – Битола во замена на Менде Трајковски од с.Маково.

Предлогот со **<u>5 гласа за и 3 гласа против</u>** беше прифатен и Советот донесе Одлука за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“- Битола.

6. **точка : Предлог за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК“ – Битола**

И по однос на оваа точка претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски достави предлог до Советот на општина Новаци за именување на Гоце Талевски од с.Брод како нов член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК“ – Битола во замена на Тони Талевски од с.Новаци.

Предлогот со **6 гласа за и 2 гласа против** беше прифатен и Советот донесе Одлука за разрешување и именување на нов член во Управниот одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“- Битола

7. **точка: Именување на нов член на Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ - Новаци**

На барање на ЈПКД „Комунална Хигиена –Новаци“ претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски достави предлог до Советот на општина Новаци за именување на Елена Николовска од с.Новаци како нов член на Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ – Новаци.

Советнисите со **6 гласа за и 2 гласа против** го прифатија предлогот од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања и донесоа Одлука за именување нов член во Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ - Новаци.

8. **точка: Измена и дополнување на Годишен план за вработување на општина Новаци за 2022г**

Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување се однесува на пополнување на работни места преку унапредување , поради испразнување на работни места преку пензионирање и поради зголемување на надлежностите на институцијата.

По разгледување на Годишниот план за вработување за 2022г. Советот на општина Новаци со **5 гласа за и 3 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци

11. **точка: Барање од ЗУСК ( Здружение на училиштен спортски клуб ) „Славко Лумбарковски“ с.Новаци за финансиски средства во висина од 130 000,00 ден. за реализација на активностите во учебната 2022/23 година**

Советот го разгледа барањето и Годишната програмата за воннаставните активности на ЗУСК предвидени за реализација во учебната 2022/23г. и **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ - Новаци во висина од 130 000,00 ден.

12. **точка: Барање од ПЗУ „Поликлиника Др. Соња“ с. Новаци за финансиска помош во реализација на поставување на парно на палети за кое е потребна инвестиција од 260 000,00 ден.**

Советот го разгледа барањето поднесено од страна на ПЗУ „Поликлиника Др. Соња“ с. Новаци при што се разви дискусија меѓу советниците за тоа што оваа ПЗУ како единствена во општина Новаци во своето долгогодишно работење во многу допринесува за здравсвената заштита, нега и лекување на жителите на општина Новаци и токму поради тоа заслужува да добие финансиска подршка од Советот на општина Новаци.

На предлог на советникот Иванчо Котевски, Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ПЗУ „Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци во висина од 150 000,00 денари.

**13. точка: Барање од Гоце Неделковски со потекло од с.Тепавци (повратник во с.Тепавци) за обезбедување на градежен матерјал ( полиетиленско црево со должина од 150 м и спојки) за приклучување на локалниот селски вододвод**

По однос на оваа точка Советот го разгледа барањето и по кратка дискусија со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски

**14. точка: Барање од М.З. на с.Скочивир за поправка на патот во должина од 2 км. кој води од рекреативниот центар „Коњарка“ до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски**

Месната заедница од с.Скочивир достави барање кое Советот на општина Новаци го разгледа, дискутираше и **едногласно** донесе Одлука за санирање на локален пат на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир

**15. точка: Квартален извештај за извршување на буџетот на Установата ОУ “Славко Лумбарковски“ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г до 30.09.2022г.**

Советот на општина Новаци го разгледа доставениот Квартален извештај од третото тромесечје на ООУ „Славко Лумбарковски“ и **едногласно** донесе Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ “Славко Лумбарковски“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

**16. Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУГД “Бамби“ с.Новаци за извештајниот период (кумулативно ) за квартал од 01.07.2022г до 30.09.2022г.**

ЈОУГД “Бамби“ с.Новаци достави Извештај за извршување на буџетот за третото тромесечје кое советниците го разгледаа и **едногласно** донесоа Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“– Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

**17. Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) од 01.01.2022г. до 30.09.2022г.**

Раководителот на финасиии Г-ѓа Оливера Димитровска го образложи Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Новаци пред советниците, по што Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на општина Новаци за период 01.01.2022г до 30.09.2022г.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

______________________________